registry solutions Re:aktiv

**РЕ-АКТИВ** ДОО е софтверска компанија чиј главен фокус е развој на бизнис регистри. Во моментов ги повикуваме студентите на ФИНКИ кои се при крајот од своите студии и оние кои тукушто завршиле со своето додипломско образование да аплицираат за ***РЕ-ВИКЕНД натпреварот во .NET програмирање*** кој ќе се одржи на ***4 и 5 јули*** во просториите на **РЕ-АКТИВ**. Натпреварот ќе биде поделен во два дела, тимски и индивидуален дел кои ќе влијаат во изборот на најдобриот. Победникот на РЕ-ВИКЕНД добива ***PlayStation 4*** и ***договор за вработување*** во РЕ-АКТИВ.

**Како може да се пријавите?**

https://www.facebook.com/reaktiv.com.mk клик LIKE и оди на Sign Up каде ќе можеш да ја пополниш пријавата со која формално се пријавуваш за натпреварот. Пријавувањето трае до ***1 јуни***.

До ***20 јуни*** ќе следат индивидуални средби со секој пријавен натпреварувач, каде што секој ќе има можност да се претстави себе си и своите моментални технички познавања.

Селекција на ***10 натпреварувачи*** кои ќе учествуваат на ***РЕ-ВИКЕНД натпреварот во .NET програмирање.***

# РЕ:ВИКЕНД 4-5 ЈУЛИ

Софтверските решенија за време на натпреварот ќе бидат базирани на .NET платформата и во текот на овие 2 дена, натпреварувачите ќе имаат можност да ги покажат своите вештини во програмирање, да се запознаат со тимот на РЕ-АКТИВ, да ја почувствуваат атмосферата во РЕ-АКТИВ, да стекнат едно поинакво искуство и да се забавуваат. Во целиот период учесниците ќе имаат можност да се консултираат со тимот на РЕ-АКТИВ.

**Ден 1 – Тимски предизвик:**
Реализација на софтверско решение со веќе воспоставена мулти-компонентна архитектура во која одредени компоненти или делови на компоненти се изоставени или некоректно реализирани. Целта на овој дел од натпреварот ќе биде учесниците преку тимска работа, комуникација и координација да дојдат до заедничко решение за поставените проблеми кои третираат различни перспективи на софтверски систем што симулира комплексен "real world" пример – операции на внес на податоци, нивна обработка и складирање, автентикација и авторизација на корисничкиот пристап, логирање на системски настани, известувања по тие настани итн.

**Ден 2 – Индивидуален предизвик:**
Самостојна имплементација на веб базирано софтверско решение според однапред зададена листа на бизнис побарувања. Од учесниците ќе се очекува да направат анализа на поставените побарувања преку нивно преточување во основен системски дизајн, кој потоа ќе биде практично реализиран и презентиран. Учесниците ќе имаат целосна слобода во начинот на имплементација и изборот на софтверски рамки користени во изработката на решението.

# РЕ:ВИКЕНД АГЕНДА

**Сабота, 4 јули**

| | |
|---|---|
| 9:00 – 10:00 | Запознавање со тимот на РЕ-АКТИВ; прилагодување во просториите на РЕ-АКТИВ; кафе за добредојде |
| 10:00 – 13:00 | Тимски предизвик I дел – поделба во групи; тимска реализација на софтверско решение; |
| 13:00 – 14:00 | Ручек со тимот на РЕ-АКТИВ |
| 14:00 – 17:00 | Тимски предизвик II дел - тимска реализација на софтверско решение; |
| 17:00 – 18:00 | Презентација на тимските решенија |

**Недела, 5 јул**

| | |
|---|---|
| 9:00 – 9:30 | Расонување со кафе |
| 9:30 – 13:00 | Индивидуален предизвик I дел – самостојна имплементација на веб базирано софтверско решение; |
| 13:00 – 14:00 | Ручек со тимот на РЕ-АКТИВ |
| 14:00 – 17:30 | Индивидуален предизвик II дел - самостојна имплементација на веб базирано софтверско решение; |
| 17:30 – 18:00 | Пауза, кафе, освежување |
| 18:00 – 20:00 | Презентација на решенијата |
| 20:00 – ..... | Прогласување на победникот и забава |

За сите прашања слободно пишете нѝ на career@reaktiv.com.mk

Ве очекуваме!
Тимот на РЕ-АКТИВ